**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр.08-583/14**
**27.05.2019 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ", бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18 година), член 22, став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл. Гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.05.2019 година ја донесе следната:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-51/9 од 11.01.2019 година, Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година и Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр. 08-341/13 од 15.03.2019 година, се вршат измени и дополнувања:

- во точка 5, после став 5.23 се дополнува нов став 5.24 и гласи:

**5.24. Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица "Питу Гули" - КО Крушево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.24 се дополнува нов став 5.25 и гласи:

**5.25. Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица "Партизанска" - КО Крушево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.25 се дополнува нов став 5.26 и гласи:

**5.26. Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица „Киро Фетак“ и дел од постојна улица „Нико Доага“- КО Крушево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.26 се дополнува нов став 5.27 и гласи:

**5.27. Проект за инфраструктура за изградба на нова обиколница во град Крушево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




- во точка 5, после став 5.27 се дополнува нов став 5.28 и гласи:

**5.28. Проект за инфраструктура за изградба на нов пат од манастирот „Преображение“ до локалитетот „Ручало“, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




2. Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-51/9 од 11.01.2019 година, Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година и Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр. 08-341/13 од 15.03.2019 година.

***Совет на Општина Крушево***
***Претседател,***
***Тома Петроски***

__________________